Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 20 став 1 алинеи 10[1] и 13, член 24 и член 79 ставови 1, 2 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), согласно член 15 став 1 алинеја 2, член 41 став 1 алинеи 8 и 11 и член 59 ставови 1, 2 и 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година и член 51 ставови 1 и 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за продолжување на дозвола за ТВ емитување на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, арх.бр.01/2026 од 13.02.2026 г. (наш Уп1 бр.08-182 од 13.02.2026 г.), на 8-та седница одржана на 26.2.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-702/5 од 26.2.2026 г., ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово

1. Дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-182 од 29.3.2017 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 8.3.2026 г. до 7.3.2035 г.

2. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, согласно точка број 1. на оваа Одлука, ќе му издаде нова дозвола.

3. Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, за периодот за кој се продолжува дозволата, има обврска да работи во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, прописите донесени врз основа на истите, како и во согласност со условите утврдени во дозволата.

4. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

5. Тужбата не го одлага извршувањето на оваа Одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Во член 79 (Времетраење на дозвола за телевизиско или радио емитување) став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗАВМУ, пропишано е дека дозволата за телевизиско или радио емитување на трговските радиодифузни друштва и на непрофитните радиодифузни установи се доделува за временски период од девет години со можност за продолжување на истата.

Согласно член 79 став 2 од ЗАВМУ, дозволата за вршење на радиодифузна дејност не може да се пренесува на друго лице.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

Дозволата за телевизиско или радиоемитување согласно член 79 став 3 од ЗАВМУ може да се продолжи на барање на носителот за време од девет години. Барањето се доставува до Агенцијата во рок не подолг од шест месеци пред истекот на важноста на дозволата. Советот на Агенцијата задолжително донесува одлука во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето со која се продолжува дозволата, доколку радиодифузерот не сторил прекршувања согласно со ставот 4 на овој член.

Согласно член 79 став 4 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата донесува одлука за одбивање на барањето за продолжување на дозволата ако радиодифузерот сторил сериозни прекршувања во текот на времетраењето на дозволата и тоа: - најмалку трипати во текот на времетраењето на дозволата сторил непочитување на посебните забрани од членот 48 од овој Закон, за што има правосилни судски пресуди или - во текот на времетраењето на дозволата, во најмалку еден изборен циклус медиумското покривање не било направено на правичен, избалансиран и непристрасен начин, за што има правосилни судски пресуди.

ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, е имател на Дозвола за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-182 од 29.3.2017 г., со важност од 9 (девет) години, почнувајќи од 8.3.2017 г. до 7.3.2026 г. за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво подрачје на емитување Д8 – Попова шапка (општина Тетово, општина Гостивар, општина Боговиње, општина Брвеница, општина Врапчиште, општина Желино, општина Јегуновце и општина Теарце), телевизиски програмски сервис со специјализиран формат кој има забавна функција, на албански јазик.

На веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), објавени се образец на Барањето за продолжување на дозвола за ТВ/РА емитување и прилози кон истото, и тоа: Соодветна исправа како доказ дека на радиодифузерот не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност од регистар или евиденција (во оригинал или копија заверена на нотар и не постара од 15 дена од денот на доставувањето), или изјава од управителот на радиодифузерот дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност, заверена на нотар (и не постара од 15 дена од денот на доставувањето); Изјава од радиодифузерот, заверена на нотар дека ќе ги почитува техничките карактеристики и параметри определени од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ (АЕК) согласно со Законот за електронските комуникации (ЗЕК) и прописите донесени врз основа на него; ќе ги почитува техничките, просторните, финансиските и кадровските услови согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување донесен од страна на АВМУ; не ги прекршува одредбите од Глава IV на ЗАВМУ и податоците дадени во барањето се точни и сите прилози се веродостојни и полноважни, како и Согласност за обработка на личните податоци наведени во Барањето за продолжување на дозвола за ТВ/РА емитување.

На 13.2.2026 г. ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, согласно член 79 став 3 од ЗАВМУ, поднесе Барање за продолжување на дозвола за ТВ емитување, арх.бр.01/2026 од 13.02.2026 г. (наш Уп1 бр.08-182 од 13.02.2026 г.) на соодветниот образец. При разгледување на барањето се утврди дека истото е уредно и целосно и ги содржи сите потребни прилози, и тоа: Изјава од Виган Ибиши дадена во својство на единствен основач/сопственик и во својство на управител на радиодифузерот ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово дека на радиодифузерот не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност, (заверена на нотар, не постара од 15 дена од денот на доставувањето) – бр.УЗП 1615/2026 од 13.2.2026 г.; Изјава од Виган Ибиши дадена во својство на единствен основач/сопственик и во својство на управител (заверена на нотар) бр.УЗП 1614/2026 од 13.2.2026 г., дека ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово ќе ги почитува техничките карактеристики и параметри определени од страна на АЕК согласно со ЗЕК и прописите донесени врз основа на него; ќе ги почитува техничките, просторните, финансиските и кадровските услови согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување донесен од страна на АВМУ; не ги прекршува одредбите од Глава IV на ЗАВМУ и дека податоците дадени во барањето се точни и сите прилози се веродостојни и полноважни, како и Согласност за обработка на личните податоци наведени во Барањето, дадена од страна на управителот на радиодифузерот.

Од страна на АВМУ се утврди дека во текот на времетраењето на дозволата, барателот - ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово ги исполнува условите утврдени во член 79 од ЗАВМУ, односно не сторил сериозни прекршувања утврдени во член 79 став 4 од ЗАВМУ.

Имајќи го предвид наведеното, м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на директор на АВМУ, согласно Овластување, арх.бр.03-5648/1 од 29.12.2025 г. до Советот на АВМУ достави Предлог, Уп1 бр.08-182 од 24.2.2026 година, за донесување на одлука за продолжување на Дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-182 од 29.3.2017 г., чијашто важност од девет години истекува на 7.3.2026 г. и истата да се продолжи за време од 9 (девет) години, односно од 8.3.2026 г. до 7.3.2035 г.

Следствено на сето погоренаведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 20 став 1 алинеи 10 и 13, член 24 од ЗАВМУ и член 79 од истиот Закон, согласно член 41 став 1 алинеи 8 и 11 и член 59 став 1, 2 и 3 од Деловникот за работа на АВМУ и член 51 ставови 1 и 2 од Законот за општата управна постапка, постапувајќи по Барањето арх.бр.01/2026 од 13.02.2026 г. (наш Уп1 бр.08-182 од 13.02.2026 г.) за продолжување на дозвола за ТВ емитување на ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, Советот на АВМУ донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување ќе се објави во Службен весник на РСМ и на веб страницата на АВМУ. На ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, за продолжената дозвола од точка број 1. на оваа Одлука, АВМУ ќе му издаде нова дозвола. Радиодифузерот е должен за периодот за кој се продолжува дозволата да работи во согласност со ЗАВМУ, ЗМ, прописите донесени врз основа на истите, како и во согласност со условите утврдени во дозволата. Тужбата не го одлага извршувањето на оваа Одлука.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против оваа одлука радиодифузерот од точка 1. на одлуката, може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Одлуката.

Примерок од Одлуката да се достави до:

- ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово;
- Управителот на ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово;
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ;
- Директорот на Агенцијата/Советот на Агенцијата;
- Сектор за правни работи и јавни набавки и
- Назначените лица за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1).